Врз основа на член 80-а, став 1 од Законот за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 130/2009, 124/2010, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 244/19), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 од Статутот на општина Конче, Советот на Општина Конче на седницата одржана на ден 04.03.2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за поставување на урбана опрема во Општина Конче за 2026 година

**А.** Под урбана опрема се смета: опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларни претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, летниковци, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**Б**. Со оваа програма се утврдува видот, големината, локациите и објектите на кои може да се постави урбаната опрема.

Б-1. За терасите пред угостителските објекти максималната површина која може да ја зафаа́ќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина до 1,5 м до работ на тротоарот.

Одобрението за поставување на урбана опрема се издава за период од максимум 12 месеци со можност за повеќекратно продожлување, со ново одобрение за поставување на урбана опрема.

Б-2 На електричните столбови и канделабри во сопственост на општина Конче се дозволува поставување рекламни и информативни паноа со максимални димензии од 1,0 х 1,0 м

Рекламни паноа може да се поставуваат по барање на странки преку Советот на општина Конче.

Б-3 На ЈКПД Лакавица Конче му се дозволува поставување на урбана опрема која е во функција на одржување на хигиената и оплеменување на просторот, во населените места како: корпи за отпадоци, контејнери, клупи, жардинерии за цвеќиња.

Б-4 На ЈКПД Лакавица Конче му се дозволува замена на оштетената и уништена урбана опрема која е веќе поставена, во населените места како: корпи за отпадоци, контејнери, клупи, жардинерии за цвеќиња детски игралишта и слично.

Б-5 Автобуски постојки

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта ,а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0 м2 до 16,0 м2 а висината до до 4,0 м од ниво на тротоарот до врвот на покривачот.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 1,5 м.

Во населените места во општина Конче може да се поставaт автобуски постојки.

Постојките се предвидуваат на следните локации:

- Населено место Конче – центар на село;

- Населено место Лубница – пред културен дом;

- Населено место Габревци – центар на село;

- Населено место Дедино – пред основното училиште;

- Населено место Долни Липовиќ – центар на село;

- Населено место Горни Липовиќ – пред основно училиште;

- Населено место Ракитец – центар на село;

**В.** Со оваа програма се утврдува и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема.

В-1 За урбаната опрема од точка Б-1, барателот кон барањето треба да приложи и графички прилог копија од катастарски план (во хартиен или дигитален формат) со исцртани граници на терасата до каде се предвидува зафаќање од просторот. Урбаната опрема се поставува по издавање на одобрение за поставување на урбана опрема, согласно Законот за градење. По издавањето на одобрението барателот е должен покрај урбаната опрема која служи за угостителски цели, на границите на терасата да постави урбана опрема која јасно ќе ја означи границата на терасата (жардинерии за цвеќиња, монтажни павер елементи кои служат за оградување и сл)

В-2 За урбаната опрема од точка Б-2 за несветлечки рекламни паноа, не е потребна дополнителна документација. За светлечки рекламни паноа барателот кон барањето треба да приложи и основен проект фаза електрика изготвен согласно Законот за градење.

В-3 За поставување на урбана опрема од точка Б-5 барателот кон барањето треба да приложи основен проект согласно Законот за градење.

В-4 Постаувањето на урбана опрема од точка Б-2 до Б-5 се предвидува на неопределено време .

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Конче”.

Број 08-450/8 Совет на Општина Конче
Дата 04.03.2026 Претседател,
Конче Бранкица Вчкова